


Центар за организација бизнис процеси и проектна канцеларија го зајакнува тимот на успешни професионалци и нуди можност за вработување, во таа насока бараме високо мотивирана, организирана и иницијативна личност која ќе ја преземе улогата на на Проектен менаџер.

Доколку си проактивен, креативен имаш добро професионално искуство со работење на проекти и сакаш да бидеш дел од тимот на НЛБ Банка, кој секојдневно се соочува со предизвиците на подобрување на работните процеси преку имплементација на проекти, те мотивираме да се пријавиш на отворено работно место:

# Проектен менаџер

**Твоја улога во тимот:**

- Водење на проектите согласно интерната проектна методологија;
- Изработка на проект план, план за комуникација, дефинирање и доделување на задачи, поставување на контролни точки, тестирање на испорачаните решенија;
- Планирање, менаџирање и следење на проектните активности со цел да се испорачаат на време и во рамките на буџетот, согласно на корисничките спецификации, потреби и квалитет;
- Организирање и мотивирање на проектниот тим;
- Следење на поставените рокови за завршување на активностите;
- Подготовка и анализа на извештаи;
- Редовно известување и информирање за работата, како и промоција на проектот и проектните цели во Банката.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование;
  Работно искуство од минимум 2 години во сегментот на управување со проекти;
- Посетени или сертифицирани обуки за проектен менаџмент ќе се сметаат за предност;
- Познавање на scrum методологија ќе се смета за предност;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Аналитички способности и одлични комуникациски вештини, посветеност, лојалност и одговорност, тимско работење и кооперативност, ефективност и ефикасност;
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон организациските цели и целите на проектот;
- Проактивен начин на решавање на предизвиците, донесување одлуки и решавање конфликти;
- Желба за работа во средина со високи барања.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Напредна обука и индивидуален кариерен развој; менторство од врвни банкарски експерти;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Потврди го твојот интерес со доставување на кратка биографија (CV) најдоцна до **05.02.2025** на NLBKariera@nlb.mk со назнака за **Проектен менаџер.**

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

NLB Banka